Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст („Службен гласник на Општина кисечла Вода“ бр.1/2020), член 41 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје бр.10/2005) Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница одржана на 24 февруари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на партиципативно**
**тело од областа на урбанизмот на**
**Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот како посебно тело на Општина Кисела Вода (во понатамошниот текст: партиципативно тело) и се утвдува неговата надлежност и состав.

**Член 2**

Партиципативно тело од членот 1 на оваа одлука се формира заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање и истото ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

**Член 3**

Партиципативно тело се состои од 24 (дваесетичетири) члена, и тоа:

- Голубина Арсовска - комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Валентина Вељановска - комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Катерина Поповска - комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Елена Дракулевска - комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Душица Трпчевска Анѓелковиќ-комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Кирил Димевски - комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Снежана Митовска - комисија за урбанизам на општина Кисела Вода;
- Горан Гугулевски - претставник од УЗ Пржино
- Искра Димитрова - претставник од УЗ Пржино
- Зоран Николовски - претставник од УЗ Драчево
- Иле Темелкоски - претставник од МЗ Припор
- Добрила Петровска - претставник од УЗ Расадник
- Ладо Димишковски - претставник од УЗ 11 Октомври (згради)

- Звонимир Стеванов - претставник од УЗ Кисела Вода
- Драган Стојанов - претставник од УЗ Цветан Димов
- Даниела М. Јованоска - претставник од УЗ Расадник
- Александар Жупаноски - претставник од УЗ Црниче
- Јово Крстевски - претставник од УЗ Расадник
- Благоја Ниотис - претставник од УЗ Црниче
- Горан Фиданоски - претставник од УЗ Пинтија
- Дарко Чекеровски - претставник од УЗ Расадник
- Зоран Поповиќ - преставник од УЗ Цветан Димов
- Бојан Николовски - претставник од УЗ Кисела Вода
- Антони Пешев - претставник од УЗ Кисела Вода

**Член 4**

Мандатот на членовите на партиципативното тело е 4 (четири) години од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Начинот на работата на партиципативното тело се уредува со Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода, што го донесува Советот на Општина Кисела Вода.

**Член 6**

Партиципативното тело од своите редови избира претседател и заменик претседател во постапка утврдена со Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на незиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-1735/19
24 февруари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.